12

Република Македонија - Republika e Maqedonisë
Општина Теарце - Komuna e Tearcës
Бр.-Nr. 09 - 613/2
04.10 2018 год./viti
Теарце - Tearcë

Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16), Општина Теарце, на ден 13.09.2018 година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

**1.** За планскиот документ ЛУПД за стопанско-индустриски комплекс за одгледување на добиток и производство на градинарски култури и обработка на сточарски и градинарски производи на КП1437, КП1436, КП1435 и КП1461, КО Непроштено - вон Г.Р., м.в. „Под преки пат“ и „Сибинов орман“ - општина Теарце, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Брвеница, www.tearce.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ ЛУПД за стопанско-индустриски комплекс за одгледување на добиток и производство на градинарски култури и обработка на сточарски и градинарски производи на КП1437, КП1436, КП1435 и КП1461, КО Непроштено - вон Г.Р., м.в. „Под преки пат“ и „Сибинов орман“ - општина Теарце, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Цел на планот е да се создадат услови за планирање на организирани простори за градба кои ќе бидат реализирани од страна на сопствениците на земјиштето и да се создадат реални услови за уредување и користење на просторот на предметните катастарски парцели КП1437, КП1436, КП1435 и КП1461, со оформување на градежна парцела, притоа да се определат урбанистички параметри за изградба, а во согласност со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

**4.** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.__________
Датум:04.10.2018

Градоначалник

Место: општина Теарце

Исен Асани